До

**Г-дин Панче Кралев**

Претседател на Одборот на Директори на МКТ

**Г-дин Андреас Маиерхофер**

Главен извршен директор

**Г-дин Жарко Луковски**

Главен оперативен директор

**Предмет: Управувани услуги во Областа на Техниката во МКТ**

**Почитувани,**

Сакаме да Ве известиме дека Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје и Синдикалната Организација-Самостоен Македонски Телекомуникациски Синдикат, како репрезентативни синдикати во рамките на МКТ и учесници во преговорите кои се одвиваа во рамките на процесот Управувани услуги во Областа на Техниката во МКТ/аутсорсинг/ во изминатиот месец, имаа директни контакти и разговори со сите вработени кои што се опфатени со овој процес.

Главни теми на разговор беа условите/социјалните пакети/ за вработените кои што се опфатени со овој процес, а кои се резултат од преговорите помеѓу социјалните партнери.

Целта на разговорите беше запознавање на вработените со процесот на преговори, како и резултатот од преговорите, а истовремено синдикатите кои што ги застапуваат интересите на овие вработени кои се нивни членови, да добијат јасна слика за ставот и размислувањата на вработените во однос на постигнатиот резултат во процесот на преговори, што ќе претставува основа за донесување на конечната одлука од страна на синдикатите.

Синдикатите направија целосна анализа на сето она што вработените го искажаа во рамките на разговорите како нивно размислување и очекување во однос на понудените опции, со обврска Синдикатите да го запознаат Менаџментот на Компанијата за тоа.

Вработените сметаат и побараа од Синдикатите како нивни претставници, да направат уште еден обид со можност преиспитување на понудените опции кои се резултат од преговорите, со претставниците на Компанијата, во насока на нивно подобрување со цел овозможување на поголема материјална и социјална сигурност за вработените кои што се опфатени со овој процес.

Од тие причини, Синдикатите со овој допис му предлагаат на Менаџментот на Компанијата неколку опции, кои се во функција на подобрување на веќе договорените услови во процесот на преговори.

Со ова сметаме дека проектот Управувани услуги во Техниката во МКТ ќе ги задоволи очекувањата на вработените и ќе го отстрани стравот за сопствената иднина, а со тоа

Компанијата ќе покаже дека води сметка за своите вработени  со што ќе го потврди статусот на општествено одговорна Компанија.

**Предлог :**

**1. Понудените опции кои се резултат од преговорите да останат како релевантна понуда со тоа што, во опцијата “вработување кај новиот работодавач /vendor/”,гарантираниот период во кој новиот работодавач/vendor/ нема да врши намалување на вработени од деловни причини да се зголеми уште за 1/една/ година, или**

**2. Понудените опции кои се резултат од преговорите да останат како релевантна понуда со тоа што, компанијата да одобри дополнителни финансиски средства во висина од 400.000,00 евра, со цел подобрување на финансиските услови во понудените опции/вработување и спогодбено заминување/, како и зголемување на гарантираниот период за 1/една/ година во кој, кај новиот работодавач нема  да има намалување на вработени од деловни причини, или**

**3. Понудените опции кои се резултат од преговорите да останат како релевантна понуда со тоа што во опцијата “спогодбен престанок на работниот однос “ финансиските услови да бидат на ниво од условите за спогодбено заминување од МКТ, кои беа согласно Програмата од 2013 година.**

Прифаќањето на една од претходно посочените можности, на вработените ќе им овозможи **достоинствено заминување од Компанијата,** со чуство дека нивниот досегашен допринос во работењето на компанијата **е соодветно вреднуван**, како и обезбедување на соодветна **финансиска сигурност на нивните семејства** во наредниот период во кој секој ќе се обиде **самостојно да си ги дефинира сопствените животни приоритети и работна сигурност.**

Синдикална Организација на Македонски Телеком
АД Скопје
Главен Повереник
Јордан Сандев

Синдикална Организација-Самостоен Македонски
Телекомуникациски Синдикат
Претседател
Петре Велигденов

Синдикална организација на Македонски Телеком АД Скопје С К О П Ј Е

Синдикат на работниците од сообраќајот и врските на Република Македонија Синдикална организација Самостоен македонски телекомуникациски синдикат СМТС ССМ Скопје

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје

Примено: 02. 03. 2016

| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |